РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09-2916/4
24-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата на 55-та седница, одржана на ден 16 ноември 2021 година, ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот бр. 09-2916/1 од 20.08.2021 година, оформен по доставена пријава за лицето ---------, Претседател на --------------- **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 20.08.2021 година, поднесена е пријава за лицето -----------, Претседател на ---------- и оформен е предмет број 09-2916/1 од 20.08.2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за тоа дека лицето ---------, Претседател на ----------- е именувано за член на Управниот одбор ---------, како претставник на репрезентативниот синдикат од Влада на РСМ. Понатаму побарано е ДКСК да изврши проверка дали надлежна комисија во ---------- дала предлог во вид на согласност согласно член 104 од Законот за полиција, наведениот службеник да извршува дополнителна дејност, а тоа е вонреден професор на „---------------". Исто така пријавителот се сомнева за вистинитоста на податоците добиени од Одделот за внатрешна контрола во -----, според кои лицето --------- добил мислење од ДКСК дека нема состојба за судир на интереси доколку биде именуван за член на Управниот одбор на ------------.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до ---------- за тоа дали лицето ---------, согласно член 104 од Законот за полиција, има добиено согласност од министерот, а на предлог од посебна комисија во Министерството за да може да извршува професионална дејност што не се во судир со полициските работи, како вонреден професор на „---------------

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

-, како и за било која друга потреба на лицето. Доколку е добиена таква согласност ДКСК побара да биде доставена во прилог.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Работникот -------- има добиено Согласност бр.--------- од 26.10.2019 година од Министерот ------------, да извршува определени работи, самостојна или дополнителна стопанска или професионална дејност – наставно научна дејност -----------. Добиената согласност е дадена во период кога наведеното лице било на работно место Главен инспектор за ----------------.

Понатаму при проверка во архивата на ДКСК е утврдено дека лицето ------------ во улога на Претседател на --------------, има доставено барање на мислење на 31.01.2020 година за тоа дали како Претседател ---------- , од страна на Сојузот на синдикати на Македонија биде делегиран за член на надзорни или управни органи во одредени државни институции(пр. Фонд на пензиско и инвалидско осигурување, Фонд за здравство) каде Сојузот на синдикати на Македонија по Закон делегира членови.

ДКСК достави мислење до лицето -------- дека истиот нема да биде во состојба на судир на интереси доколку биде именуван за член на управен или надзорен одбор во одредена државна институција (пр. Фонд на пензиското или инвалидското осигурување, Фонд за здравство и сл.), затоа што согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси во моментов нема статус на избрано или именувано лице, па поради тоа не е опфатен со одредбите од член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат, нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил:
С.М - Виш соработник
Одобрил:
В.Г, член на ДКСК